РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-139/4
24. 03 2025 год.
ПРОБИШТИП

**Општина Пробиштип**
*ул. Јаким Стојковски 1*
*тел:* ***032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
***www.probistip.gov.mk***

Врз основа на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод празникот на градот 28 -ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година и Одлуката за изменување на Одлуката со број 26-92/9 од 27.01 2025 година а согласно Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2025 година со број 26-843/9 од 17.12 2024 година, Градоначалникот на општина Пробиштип на ден 24.03 2025 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За еднократна парична помош од 20.000,00 денари за жители на Општина Пробиштип

1. Општина Пробиштип распишува јавен повик за корисници на надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст, дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок, корисници на гарантирана минимална помош и корисници на правото на социјална сигурност на стари лица од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.
2. Висината на еднократна парична помош е утврдена во Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2025 година, а по повод 28-ми Август Празникот на градот и изнесува 20.000,00 денари .
3. Се повикуваат жителите на Општина Пробиштип да поднесат барање доколку се :
   - корисници на надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст
   - корисници на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип .
   - корисници на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип .
   - корисници на правото на социјална сигурност на стари лица од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип .
4. Потребни документи за поднесување:
   - Пополнето барање за еднократна парична помош - изјава за давање согласност
   - копија од важечка лична карта
   - копија од трансакциска сметка
   - Решение за остварено право од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

5. Рок и начин на пријавување

Сите наведени категории на граѓани од Општина Пробиштип имаат право да поднесат барање со потребните документи во архивата на Општина Пробиштип во рок **од два (2) месеци** од објавувањето на јавниот повик.

6. Начин на одобрување

Комисија формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип составена од членови од Општина Пробиштип и ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип ќе ги разгледува доставените пријави и во рок од 5 дена ќе состави записник и ќе го извести Градоначалникот на Општина Пробиштип кој ќе донесе Решение за исплата на еднократната парична помош.

Изработил:Анкица Кијајова
Контролирал:Радослав Илиевски
Одобрил:Билјана Ефтимова

ГРАДОНАЧАЛНИК

ДРАГАН АНАСТАСОВ